Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА
СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Државен инспекторат за
животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e mjedisit jetësor
Inspektorati Shtetëror i
mjedisit jetësor

ИП1 бр. 29-952
Дата: 15.10.2025 година

[redacted]

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштвото за производство, трговија и услуги МИРАНА ДООЕЛ експорт-импорт Велес, со седиште на ул. Благој Нечев бр. 49 Велес, со адреса на вршење на дејноста на ул. Раштански пат бб. Велес, застапувано од Ана Мирсинова - управител. Со Записник бр. 29-952 од 13.10.2025г. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член член 117 став 2 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РСМ бр. 216/21) донесе:

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ НАРЕДУВА** на Друштвото за производство, трговија и услуги МИРАНА ДООЕЛ експорт-импорт Велес, со седиште на ул. Благој Нечев бр. 49 Велес:

1.1 Да поседува важечка Програма за управување со отпадот во согласност со член 27 од Законот за управување со отпадот.
Рок: 30 (триеесет) дена од денот на приемот на решението.

1.2 Да воспостави хиерархија при управувањето со отпадот кој се создава од вршењето на дејноста, односно во границите на локацијата на ул. Раштански пат бб. Велес да воспостави систем на редукција, селекција, соодветно складирање на селектираниот отпад, евиденција и предавање на селектирниот отпад на овластен оператор.
Рок: 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението.

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022 изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштвото за производство, трговија и услуги МИРАНА ДООЕЛ

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

експорт-импорт Велес, со седиште на ул. Благој Нечев бр. 49 Велес, со адреса на вршење на дејноста на ул. Раштански пат бб. Велес.

Надзорот се изврши за да се утврди дали дали се исполнуваат одредбите за постапување со отпадот утврдени во Законите за управување со отпадот.

Субјектот на надзор уредно и навремено беше известен за времето на надзор, а во прилог на Известувањето ИП1бр. 29-952 од 03.10.2025г. беше доставена и Листа на проверка со прашања за проверка кои го утврдуваат обемот на инспекциски надзор.

Надзорот по барање на субјектот на надзор беше одложен и спроведен на ден 13.10.2025г.

При надзорот беше присутна Сања Питиќева-Велкова-овластено лице.

За утврдената фактичка состојба се изготви Записник за констатација со бр. 29-952 од 13.10.2025г.

Субјектот на надзор врши дејност производство на маргарин и сл. масти за јадење. Во текот на 2024г. создал 265,44 тони неопасен отпад од вршењето на дејноста, заради што подлежи на обврските утврдени во член 27 од Законот за управување со отпадот.

- Субјектот на надзор поседува Програма за управување со отпад од 2020г. која е со изминат рок на важност, односно не поседува важечка Програма за управување со отпадот.

Согласно член 27 став 2 од Законот за управување со отпадот: "Програмата се донесува за период од три години".

При инспекцискиот надзор извршен на лице место во однос на селектирањето и складирањето на отпадот се констатира дека селекција на отпад нема. Во контејнерите за комунален отпад се наоѓа картон, најлон, метал кој е подготвен за превземање од страна на ЈКП Дервен, а целиот отпад од вршење на дејноста завршува на депонијата за комунален отпад за крајно одложување. Тоа се потврдува и преку споредба на количините од Годишниот извештај за 2024г. каде количините на комунален отпад се 260 тони за разлика од количините на селектиран отпад од околу 6 тони, а генерално отпадот кој потекнува од производството е амбалажа од картон, метал и најлон. На просторот за селекција на отпадот се наоѓа опожарена амбалажа (пластични шишиња и капачиња), која исто така преставува отпад кој треба да се предаде на овластен постапувач.

Ова неспроведување на постапките за постапување со отпадот од вршењето на дејноста кој може да се реупотреби не е во согласност со член 14 од Законот за управување со отпадот, а хиерархијата при управување со отпадот е активност која била воспоставена и задолжителна согласно Програмата за управување со отпадот од 2020г.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 116, став 1, точка 59, и врз основа на член 117 став 2 од Законот за управување

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА
СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Државен инспекторат за
животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e mjedisit jetësor
Inspektorati Shtetëror i
mjedisit jetësor

со отпадот, Државниот инспектор за животна средина го донесе ова решение.

[redacted]

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поведе прекршочна постапка пред надлежен прекршочен орган.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.
Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административна такса и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр. 29-952, на ден 15.10.2025г.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243